# ЗАПИСНИК

*од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции*
*одржана на **12.11.2008 година, 10 часот***
*Уставна сала, Собрание на Република Македонија*

Седницата започна во 10, 05 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Радмила Шекеринска, претседател на Националниот совет за евроинтеграции.

На седницата присуствуваа г. Јан Трушчински, заменик директор на Директоратот за проширување на Европската комисија, Н.Е г. Ерван Фуере, специјален претставник на Европската унија и шеф на Делегацијата на Европската комисија во Република Македонија Н.Е г. Бернард Валеро, амбасадорот на Република Франција во Република Македонија, г. Ларс Петер Фреден, амбасадор на Кралството Шведска, г. Јозеф Браун, амбасадор на Република Чешка, г-ѓа Џоан Пирс, прв советник во Делегацијата на Европската комисија г. Патрик Паке, прв секретар и шеф на политичкиот и информативниот сектор во Делегацијата на Европската комисија, г-дин Магнус Клет, втор секретар во амбасадата на Кралството Шведска, г-ѓа Марина Курте,политички советник во Делегацијата на Европската комисија, г-ѓа Агнеза Руси, директор на Директоратот за Европска унија во Министерството за надворешни работи, членовите на Националниот совет за евроинтеграции, претставници на синдикатите, стопанските комори, верските заедници, невладиниот сектор, медиумите и службата на Собранието на Република Македонија.

За седницата беше предложен следниов:

**Дневен ред:**

1. Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2008 година.

Дневниот ред беше усвоен едногласно.

**ТОЧКА 1: ИЗВЕШТАЈОТ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА НАПРЕДОКОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА**

Воведно излагање по оваа точка имаше г. Јан Трушчински, заменик директор на Директоратот за проширување на Европската комисија.

Во дискусијата со свои излагања учествуваа: г-ѓа Радмила Шекеринска, г. Тито Петковски, г. Андреј Жерновски, г. Скендер Бузаку, г-ѓа Силвана Бонева, г-ѓа Теута Арифи, г-ѓа Наташа Савова, г. Мирче Чекреци, г-ѓа Љубица Нури, г.Ивица Боцевски, г-ѓа Лидија Димова и г.Јан Трушински, кои ги коментираа оценките и забелешките содржани во Извештајот, давајќи свои предлози за надминување на слабостите и недоследностите. При тоа се утврдија приоритетите за Република Македонија во 2009 година, по однос на нејзиното пристапување во Европската унија.

По однос на точката, едногласно беа донесени следните заклучоци:
- Националниот совет за евроинтеграции смета дека оценките и коментарите содржани во Извештајот се одраз на реалните состојби во

Република Македонија за постигнатите резултати во 2008 година во процесот на нејзино интегрирање во Европската унија.

- Поаѓајќи од стратешката и консезуална определба за пристапување кон Европската унија, Советот укажува на потребата од континуирана поддршка на процесот и од засилено ангажирање на сите надлежни субјекти во насока на целосно исполнување на бараните критериуми.

- Советот се залага, надлежните субјекти, со сета сериозност и критичност да ги анализираат забелешките во Извештајот и да се обврзат за надминување на слабостите, особено во делот на политичките критериуми за членство во Европската унија.

- Советот го нагласува значењето од континуирани реформски процеси во сите области од општественото живеење, како и од засилување на административните капацитети, потребни за целосно и ефикасно спроведување на реформите.

- Советот истакнува дека во исполнувањето на поставените задачи, потребно е во континуитет, позитивно да се афирмира Република Македонија како идна членка на Европската унија.

- Советот укажува на потребата да продолжат транспарентно да се одвиваат процесите за пристапување на Република Македонија кон Европската унија.

- Советот ја нагласува потребата од интензивирање на регионалната соработка на Република Македонија, соработката со земјите-членки на ЕУ што не поддржуваат на патот на нашето интегрирање, како и од унапредување на политичкиот дијалог со структурите на Унијата.

- Советот предлага за Извештајот за напредокот на Република Македонија во 2008 година да расправа Собранието на Република Македонија по претходна расправа во собраниските комисии, и да донесе свои заклучоци.

- Со мислењата и предлозите на Националниот совет за евроинтеграции по Извештајот на Европската комисија да бидат запознати Собранието и Владата на Република Македонија.

- Советот ќе продолжи и во иднина ангажирано и континурано да ја остварува улогата на форум кој што придонесува за унапредување на политичкиот дијалог и општествениот консензус во процесите на евроинтегрирање на Република Македонија.

Советот заврши со работа во 12.15 часот.

Составен дел на овој записник се стенографските белешки и списокот на присутни членови и претставници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**НАЦИОНАЛНИОТ СОВЕТ**
**ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

**Радмила Шекеринска**

Република Македонија Собрание на Република Македонија Скопје